Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10, 51/11 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19, 154/19 и 121/24), во согласност со Политиката на интегритет на Министерството за правда, усвоена на 24 јуни 2022 година, министерот за правда донесе

## УПАТСТВО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Во Упатството за спречување судир на интереси, бр.21-2289/3 од 13.09.2022 година, во точката IV. Должности, по ставот под насловот „Спречување на влијанието на приватниот интерес“, се додаваат нов наслов и три нови става кои гласат:

„**Пријавување на дополнително/хонорарно работење**

Внимавајќи да не се доведе во состојба на судир на интереси, службеното лице може да остварува приходи од научни, културни, уметнички и спортски активности, приходи од авторски, патентни и слични права, како и од интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено.

Службеното лице за секоја дополнително платена односно хонорарна работа го известува раководното лице и советникот за интегритет во Министерството за правда, со писмено известување кое го поднесува најмалку 5 дена пред нејзиното прифаќање. Известувањето за дополнително платена односно хонорарна работа содржи податоци за субјектот кој го ангажира службеното лице (име и презиме односно назив, адреса и дејност) и податоци за активностите од опфатот на предметната работа (краток опис и период на вршење).

Евиденцијата на известувањата за дополнително платена односно хонорарна работа ја води советникот за интегритет кој е задолжен за водење на евиденцијата, и тоа во форма на табеларен преглед со рубрики за забележување на податоците кои ги содржи известувањето за дополнително платена односно хонорарна работа.“

Бр. 21-2539/1

Скопје, 02-10-2024 година

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
**Игор Филков**

Изготвил: Елена Димовска, раководител на одделение
Согласен: Тања Кикерекова, раководител на сектор